РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr. 08-1080/3
23-03-2023 г./v.

Врз основа на член 56 став 5 од Законот за прекршоците („Службен весник на РСМ“ бр.96/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата врши

**ЈАВНА ОБЈАВА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТИРАН ПРЕКРШОК И ПРЕКРШОЧЕН ПЛАТЕН НАЛОГ**

Државната комисија за спречување на корупцијата му соопштува на лицето Борче Петревски со живеалиште во Скопје на ул.„Методија Шаторов Шарло“ бр.14-2, дека има донесено Записник за констатиран прекршок број 08-9458/1 од 05.12.2022 година и Прекршочен платен налог број 08-9458/2 од 05.12.2022 година, за прекршок по член 82 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон.

Поради тоа што и по два последователни обиди за уредно доставување преку пошта доставата не е успешна, се повикува горенаведеното лице во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на ова соопштение да се јави во службените простории на Државната комисија за спречување на корупцијата на ул.„Пресвета Богородица“ бр.3, за прием на записникот за констатиран прекршок и прекршочниот платен налог, секој работен ден од 08.00 до 16.00 часот.

Доколку горенаведеното лице не се јави во рок од 8 (осум) дена, оваа јавна објава ќе се смета за уредна достава согласно со член 56 став 5 од Законот за прекршоците („Службен весник на РСМ“ бр.96/2019).

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**По овластување, член**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица бр.3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk